www.rolaw.mk

ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# КОМУНИКАЦИСКА СТРАТЕГИЈА

# НА

# ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# 2026 – 2028

# СО

# АКЦИСКИ ПЛАН

Мај, 2026 година

Funded by the European Union

**СОДРЖИНА**

1. Вовед
2. Анализа на состојбите и моменталните предизвици
3. Од каде поаѓаме (правна рамка)?
    3.1. Меѓународни стандарди
    3.2. Национална правна рамка
    3.3. Усогласеност со развојните политики
4. Која е нашата комуникациска цел?
    4.1. Општа цел
    4.2 Посебни цели
5. Со кого комуницираме?
6. Кој комуницира?
7. Комуникациски принципи
    а) Проактивност
    б) Точност и прецизност
    в) Навременост
    г) Координираност
    д) Јасност и разбирливост на информацијата
8. Комуникациски алатки и техники
9. Кризна комуникација
10. Надградување на професионалните вештини за комуникација
11. Рамка за следење, известување и евалуација
12. Буџет
13. Заклучни согледувања

АНЕКС 1 – Акциски план за спроведување на Комуникациската стратегија 2026-2028

Funded by the European Union

# 1. ВОВЕД

Клучна обврска и одговорност на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија е да воспостави независно, непристрасно, професионално и транспарентно државно јавно обвинителство. Имајќи го предвид фактот дека правосудните органи во Република Северна Македонија не уживаат потребно ниво на доверба од граѓаните, неопходни се конкретени чекори за градење на институционалната доверба.

Охрабрува што транспарентноста на обвинителството е една од клучните области во кои е забележан одреден напредок во изминатите години, бидејќи обвинителствата во голема мера веќе ја препознаваат суштинската важност на отвореноста кон граѓаните.

Со цел да се воспостави однапред планирана и континуирана комуникација на Јавното обвинителство со јавноста, отпочна процесот на развивање на оваа нова Комуникациска стратегија на Јавното обвинителство за периодот 2026-2028 година.

За подготовка на стратешкиот документ, Службата за односи со јавноста на Јавното обвинителство имаше стручна и техничка експертска помош од проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото".

Ова е втора Комуникациска стратегија на Јавното обвинителство, при што претходната, изготвена во 2015 година исто така беше развиена со поддршка на меѓународни партнери. Меѓутоа нејзината имплементација беше отежната поради фактот што Јавното обвинителство нема буџет наменет за активности во областа на комуникациите, што секако претставува отежнувачка околност за постигнување на поконкретни и видливи резултати.

Работењето на транспарентен и отчетен начин секогаш е поврзано со достапноста на информациите до јавноста. Со развојот на технологијата, објавувањето и пренесувањето информации преку користење на медиумските и социјалните мрежи е лесно, брзо и достапно за пошироката јавност, но сепак веродостојноста на информациите е клучна во процесот на градење доверба.

Комуникациската стратегија на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија 2026-2028 (во понатамошниот дел Стратегија) претставува единствен

Funded by the European Union

документ со кој на унифициран начин се дефинираат начелата, стандардите, средствата и начинот на комуникација на сите јавни обвинителства.

Стратегијата има за цел да ги имплементира овие начела во секојдневното работење на Јавното обвинителствосо што ќе придонесе кон зголемување на транспарентната и навремена комуникација со сите општествени чинители.

Процесот на градење на довербата во правосудните институции претставува комплексно прашање во кој транспарентноста е само еден механизам кој треба да ги отфрли сомнежите за шпекулации преку навремено информирање. Сепак, клучен аспект во овој процес е квалитетот на постапките кои треба да бидат праведни и правични за јавноста да ги перцепира како законити.

За Јавното обвинителство комуникацијата со пошироката јавност претставува сложен и сериозен предизвик, особено доколку се имаат предвид надлежностите кои ги има институцијата во кривичната постапка, а согледани во ограничувањата за споделување на информации и тајноста на информациите доколку станува збор за конкретни предмети. Од друга страна, Јавното обвинителство не подлежи на овие ограничувања кога станува збор за прашања од делокругот на институционалните надлежности и информирање за секојдневното работење.

Согласно принципот на отвореност, оправдано може да се очекува дека медиумите и јавноста секогаш тежнеат да добијат комплетни информации и податоци за сите настани кои предизвикуваат поширок интерес, особено за конкретни кривично-правни предмети и тука треба да се почитува правото на информирање и слободата на медиумите, но Јавното обвинителство, е должно информацијата за таквиот настан да ја подготви и провери низ филтерот на одредени правила, почнувајќи од пресумпцијата на невиност, правото на приватен живот и достоинство, правото на правично судење, правото на одбрана, интегритетот, ефикасноста и доверливоста на истрагите.

Во тој контекст, истовремено Јавното обвинителство очекува дека медиумите и јавноста ја разбираат неговата законска положба и ограничувањата предвидени за известување, па во случај кога не се споделуваат конкретни и комплетни информации, се смета дека тоа не треба да се поистоветува со нетранспарентност.

*Имајќи предвид погоре наведеното, стратегијата треба да се обезбеди баланс помеѓу очекувањата на јавноста и можноста за споделување информации од Јавното обвинителство.*

# 2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ И МОМЕНТАЛНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ

Јавното обвинителство вложува големи напори во делот на односите со јавноста и се стреми да ги следи европските стандарди и начела за транспарентно и отчетно работење, но сепак тука треба да се имаат предвид и ограничените финансиски ресурси со кои располага институцијата.

Во изминатите 10 години може да се забележи дека Јавното обвинителство преку примена на Стратегијата за односи со јавност од 2015 година успеа да ги изгради внатрешните правила за комуникација и да ги постави основите на комуникацијата помеѓу институцијата и пошироката јавност.

Ова придонесе да се претстави еден поинаков пристап од институцијата кон јавноста преку транспарентен начин на споделување на информациите за целокупното работење на Јавното обвинителство и јавните обвинители. Како најзначајни активности кои се исполнети од претходниот стратешки документ може да се издвојат:

*- формирана служба за односи со јавноста во Јавното обвинителство,*

*- воспоставена внатрешна комуникација и координација за известување и одговор на барања за добивање информации*

*- воспоставена ефективна, ефикасна, непристрасна и истовремена комуникација со медиумите и пошироката јавност,*

*- редизајнирана интернет страницата на Јавното обвинителство,*

*- проактивна комуникација преку навремено објавување и споделување на информации за кои е очекувано дека јавноста ќе има зголемен интерес,*

*- опремена посебна просторијата – медиумско едукативен информативен центар во Јавното обвинителство на РСМ,*

*- организирање брифинзи за новинари, прес конференции и интервјуа по однос на настани и предмети од јавен интерес.*

Понатаму, доколку се анализираат податоците од годишните извештаи за работата на јавните обвинителства за 2023 година, 2024 година и 2025 година во делот на јавноста во работењето – информирање на јавноста за работата може да се заклучи дека Јавното обвинителство одржува континуирана и проактивна комуникација со пошироката јавност, со просечно речиси секојдневно објавување соопштенија. Во 2023 се објавени 316 соопштенија, во 2024 е забележан раст на околу 360 објави, а во 2025 година бројот на објавени соопштенија изнесуваше 453. Истовремено, преку интервјуа, брифинзи и одговори на новинарски прашања, се задржува висок степен на транспарентност и отчетност во работењето. Тука треба да се напомене дека овие соопштенија се подготвуваат и објавуваат по однос на предметите за кои Јавното обвинителство оценило дека има интерес од јавноста.

Оттука, новата стратегија ќе се стреми да ги надгради воспоставените добри практики во комуникацијата но и да го прошири спектарот на активности во сите односи со пошироката јавност како дел од транспарентното работење.

Поради тоа, преку SWOT анализата ќе се согледаат силните и слабите страни, можностите и заканите.

Funded by the European Union

| Силни страни | Слабости |
|---|---|
| • Организирана и проактивна комуникација,<br><br>• Редизајнирана веб страна на Јавното обвинителство на која редовно и навремено се објавуват информации,<br><br>• Подготвеност за воспоставување нови практики во објавување на информации и овозможување на достапност до пошироката јавност,<br><br>• Прилагодливост кон новонастанати состојби и изнаоѓање нови начини за организирање на комуникација. | • Недостаток на финансиски средства за активности поврзани со односите со јавност и надградување на алатките за комуникација,<br><br>• Недоволно организирани специјализирани обуки за односи со јавност, јавно говорење и давање изјави пред медиуми,<br><br>• Недоволна екипираност на служба за односи со јавноста. |
| **Можности** | **Закани** |
| • Градење стратешки и континуиран пристап со цел унапредување на внатрешната и надворешната комуникација,<br><br>• Измена на интерните акти и зголемување на нивната достапност до вработените во јавните обвинителства,<br><br>• Организирање настани кои имаат за цел промовирање на улогата на Јавното обвинителство во правосудниот систем. | • Слаба политичка волја за поддршка на институцијата,<br><br>• Недоволна алокација на неопходни финансиски средства,<br><br>• Политички изјави со кои се намалува довербата во Јавното обвинителство, како и самостојноста на јавните обвинители.<br><br>• Неусогласена меѓуинституционална комуникација |

# 3. ОД КАДЕ ПОАЃАМЕ?

Комуникациската стратегија како еден од суштинските стратешки документи има своја заснованост и во домашното законодавство, во националните стратешки инструменти, но и во воспоставените меѓународни стандарди во оваа област како повисока цел кон која треба да се стремиме.

## 3.1. Меѓународни стандарди

Како што е наведено во *Водичот за комуникација со медиумите и јавноста за судовите и јавните обвинителства* (усвоен на 31-та пленарна седница на Европската комисија за ефикасност на правдата – CEPEJ во Стразбур на 3 и 4 декември 2018 година)[1]:

„Правосудните институции не можат едноставно да ја подобрат својата комуникација на ад-хок основа, без оглед на целта. Напротив, комуникацијата треба да биде дел од општа стратегија и треба:

- Да ја информира јавноста, не само за постапките што се водат, туку и за судската активност како целина.

- Да го земе предвид користењето на сите достапни средства за комуникација, вклучувајќи ги новите технологии и сродните алатки"

„Живееме во свет на комуникација каде што работата на институциите е постојано предмет на јавна дебата, и каде што критиката се изразува со помалку почит и со поголема подготвеност отколку во минатото. (...) Кога станува збор за имиџот, ништо не се подразбира само по себе, и правдата не може да избега од овој тренд. Секоја потенцијална грешка може да привлече големо внимание со можни штетни последици за институциите и за оние кои ги претставуваат. Како резултат на тоа, правосудството, како што било во минатото, не може повеќе да се

[1] rm.coe.int/cepej-2018-15-en-communication-manual-with-media/16809025fe

Funded by the European Union

затвора во слонова кула, и да донесува пресуди без да има предвид како тие ќе бидат примени и разбрани, и да гледа на вознемиреноста на јавноста и медиумите од оддалеченост и со резерва (…) Денес судиите и јавните обвинители треба да знаат – и многумина веќе се свесни за тоа – дека не можат да избегнат медиумско покривање на сè поголем дел од нивната активност и дека правосудните институции, сакале или не, мора да се соочат со предизвиците на комуникацијата. Овој тренд е исто така поврзан со растечката потреба од транспарентност во сите државни активности. Транспарентноста е од суштинско значење за ефикасно функционирање на правосудниот систем, бидејќи ги зајакнува судовите и јавните обвинителства со доверба и почит од јавноста, а истовремено промовира позитивен имиџ. Довербата на јавноста во правда исто така зависи од разбирањето на судската активност".

Во своето Мислење бр. 8 за „Односите помеѓу обвинителите и медиумите", Консултативниот совет на европските обвинители (КСЕО)[2] наведе:

„Транспарентноста во извршувањето на обвинителските должности претставува суштинска компонента на владеењето на правото и една од важните гаранции за правично судење. Правдата не само што треба да биде спроведена, туку мора и да се види дека е спроведена. За ова да биде можно, медиумите треба да имаат можност да обезбедуваат информации за судски, кривични или други постапки. Примената на принципот на транспарентност на активностите на обвинителите претставува средство за обезбедување на довербата на јавноста и ширење на информации за нивната функција и нивните вештини. Имиџот на јавното обвинителство значително придонесува за довербата на јавноста во правилното спроведување на правдата. Обезбедувањето на медиумите со право на најширок пристап до информации за активностите на обвинителите исто така придонесува за зајакнување на демократијата и развивање на отворена интеракција со јавноста"

Понатаму, во истиот документ се потенцира дека:

„Односите на обвинителите со сите медиуми треба да се градат врз основа на меѓусебна почит, доверба, одговорност, еднаков третман и почитување на судските одлуки.[3] Во односите со медиумите, обвинителските служби треба да разгледаат можност за примена на двоен пристап – реактивен пристап, одговарајќи на барањата од медиумите, и проактивен пристап, преземајќи иницијатива да ги

---

[2] https://rm.coe.int/1680747848
[3] Препорака III

информираат медиумите за судски настан.[4] Покрај правните средства што им стојат на располагање на обвинителите, секоја реакција на неточни информации или нефер медиумски кампањи против обвинители, би требало по можност да доаѓа од страна на раководителот или портпаролот на обвинителството, а во поголеми случаи – од страна на државниот јавен обвинител или највисокиот орган надлежен за службата, односно највисокиот државен орган."[5]

Дополнително, со Мислењето бр. 9[6], обвинителите директно се охрабруваат „редовно да ја информираат јавноста, преку медиумите, за своите активности и резултати. Дејствувањето на обвинителите треба да биде насочено кон унапредување и зачувување на транспарентноста и довербата на јавноста во обвинителската служба."

Во Мислењето бр. 10 (2015) за *Улогата на обвинителите во кривичните истраги*, КСЕО, меѓу другото, препорачува: „Обвинителите треба да настојуваат да ја развиваат довербата на јавноста преку обезбедување информации за нивните функции и овластувања, со што ќе придонесат за подобро запознавање со нивната работа, притоа почитувајќи ги основните права и принципи како што се презумпцијата на невиност и правото на правично судење."[7]

Обезбедувањето соодветна обука за судии и обвинители за комуникација е од клучно значење. „Комуникацијата е професија. Секој што е одговорен за неа или ја прави, мора да ја разбира нејзината комплексност и да ги поседува сите неопходни алатки. Со зголемувањето на средствата за комуникација и брзината на информациите, сѐ повеќе станува ризично комуникацијата со медиумите да им се довери на судии и обвинители кои се обучени за време на нивната работа. Затоа, навистина е неопходно да се обезбеди соодветна обука. Правосудните институции имаат одговорност да бараат и обезбедат обука за комуникација на судиите и обвинителите."[8] Кога обвинителите имаат директни односи со медиумите, за да се обезбеди точна и соодветна информација, треба да се обезбеди соодветна обука во

---

[4] Препорака IV
[5] Препорака IX
[6] Мислење бр. 9 (2014) на Консултативниот совет на европски обвинители до Советот на Министри на Совет на Европа за европските стандарди и принципи за обвинители (Римска повелба), https://rm.coe.int/168074738b
[7] rm.coe.int/1680747720, КСЕО Мислење бр.10 за улогата на јавните обвинители во кривичните постапки
[8] Европска Комисија за ефикасност на правдата (CEPEJ) (2018) 15, Водич за комуникација со медиумите и јавноста за судови и јавни обвинителства, https://rm.coe.int/cepej-2018-15-en-communication-manual-with-media/16809025fe

Funded by
the European Union

областа на комуникацијата. Таа обука може да биде заедничка со/или организирана од експерти и новинари.[9]

### 3.2 Национална правна рамка

Стратегијата се стреми не само да ги воспостави правилата и да ги формулира принципите на комуникација, туку исто така има за цел да ја доближи работата на Јавното обвинителство до целокупната јавност преку објаснување на улогата на институцијата.

Согласно Уставот на РСМ, Јавното обвинителство е поставено како единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела. Таа негова самостојност во постапувањето треба да се одразува и во комуникациските принципи и насоки.

Пошироко гледано јавнообвинителскиот систем во државата го сочинуваат Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија. Следствено, ваквата организација на јавнообвинителскиот систем ја наметнува потребата од градење заеднички пристап и заедничко вложување кон зајакнување на довербата на јавноста, знаејќи дека независно секоја од овие институции може значително да влијае на перцепцијата кон јавните обвинители.

Тргнувајќи од фактот дека основна функција на јавното обвинителство е да ги гони сторителите на кривичните дела, очекувано е дека интересот на јавноста ќе преовладува за информирање околу конкретни предмети додека оние прашања за тековното рабоење се ставени во втор план. Како што беше споменато, за Јавното обвинителство пропишани се одредени законски ограничувања во кои треба да се придржува кога комуницира и ја информира јавноста за конкретни предмети.

Во овој контекст, доколку се анализира законската рамка во делот на информирање на јавноста за Јавното обвинителство и судовите, може да се дојде до заклучок дека судството има полесна улога во односите со јавноста. Тука треба да се имаат предвид фазите на кривичната постапка во која за предистрагата и

---

[9] https://rm.coe.int/1680747848 , Мислење бр. 8, Консултативниот совет на европски обвинители (КСЕО) за Односите помеѓу обвинителите и медиумите, препорака VII

истрагата е надлежно Јавното обвинителство, а потоа следи судската постапка. Имено, согласно Законот за кривичната постапка сите преземени дејствија по сознанија за сторено кривично дело во предистражната постапка од страна на јавниот обвинител или полицијата се сметаат за тајна. Исто така доколку е во интерес на постапка и делови од истражна постапка може да се сметаат за тајни.

Тајноста во овие почетни стадиуми од кривичната постапка не е предвидена со цел Јавното обвинителство да работи на нетраспарентен начин, без информирање на јавноста, туку за успешно преземање истражни дејствија преку кои ќе се обезбедат докази од кои произлегува дека определено лице сторило кривично дело. Доколку дејствијата се објават пред да се преземат се компромитира квалитетот на кривичната постапка, се создаваат можности за недостапност на инволвираните лица, манипулација со доказите, влијание на сведоци или оштетените и други дејствија.

Од друга страна, според Уставот и Законот за кривичната постапка, главната расправа пред судот е јавна, освен во случаите кога јавноста е исклучена, а сите судски пресуди се јавни и достапни во електронски или печатени примероци. По однос на другите судски одлуки, истите се достапни на увид и препис до секое заинтересирано лице. Доколку јавноста била исклучена спротивно на законот, тоа претставува суштествена повреда на одредбите на Законот за кривичната постапка.

Сепак овие ограничувања не го исклучуваат уставно загарантираното право за јавно информирање, како и слободата на примање и пренесување информации туку упатуваат кон дефинирани принципи според кои Јавното обвинителство е должно да ја информира јавноста. Тие принципи се наведени во членот 8 од Законот за јавното обвинителство – презумпција на невиност, право на информирање и слобода на медиумите, право на правично судење, право на одбрана, интегритет, ефикасност и доверливост на истрагите, како и принципот на отвореност. Едновремената усогласена примена на сите овие принципи ја прави комуникацијата на Јавното обвинителство со јавноста сложена задача.

Тука легитимно може да се постави прашањето дали преку механизмите кои се предвидени во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер може без ограничувања да се добијат податоци за кривичните постапки, односно дали информациите од предистрагата и истрагата се информации од јавен карактер.

Funded by
the European Union

Сепак, законодавецот кога го уредувал и ова прашање воспоставил одредени исклучоци од слободниот пристап до информации. Па така, предвидено е дека имателот на информацијата може да го одбие барањето кое се однесува за информација стекната или составена за истрага или кривична постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапка.

Законот за Јавното обвинителство понатаму предвидува обврска за јавните обвинители и јавно обвинителската стручна служба дека треба да го чуваат како тајна тоа што го дознале од странките за нивните правни и фактички односи во рамки на вршење на службата и треба да гарантираат за тајноста на подотиците до кои јавноста нема пристап, а тоа се податоците од личен карактер кои немаат влијание за вршење на функцијата.

За јавните обвинители претставува тешка дисциплинска повреда која може да води до разрешување доколку неовластено издава класифицирани информации, односно изнесува информации и податоци за судски предмети што со што се поврдува обврската за заштита на тајноста на постапката утврдена со законик и кога јавноста е исклучена со закон.

Исто така за вработените во јавно обвинителската стручна служба предвидена е тешка дисциплинска повреда доколку оддадат класифицирана информација со степен на тајност утврдена со закон.

Според Кривичниот законик за службената тајна се сметаат податоците или документите кои во законска постапка се прогласени како службена тајна и чие откривање има или може да има штетни последици за службата.

Имајќи ги предвид горенаведените правила и принципи, особен предизвик за Јавното обвинителство претставува начинот на кој ќе го организира информирање на јавноста за отворените кривични предмети. Ова во контекст на сите ограничувања предвидени за тајноста на постапката и информациите добиени во текот на работењето.

Согласно Правилникот за внатрешно работење на Јавните обвинителства со цел остварување на поголема транспарентност во работата, Јавното обвинителство преку Службата за односи со јавноста, преку печатот и другите средства за

информирање ја известува јавноста за состојбата на криминалитетот и за другите прашања од општо значење за работата, а може да ја информира јавноста и за одделни случаи по кои постапува.

Следствено на овие правила преку Упатството за односи со јавноста подетално се разработува начинот на комуникација на Јавното обвинителство со јавноста.

Согласно ова Упатство од 2018 година, надлежни за информирање на претставниците на печатот, радиото и телевизијата, како и другите средства за јавно информирање по однос на работата на Јавното обвинителство се Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, од него овластени лица или Службата за односи со јавноста.

Предвидено е јавен обвинител во определено јавно обвинителство да може непосредно да ја информира јавноста, по претходно добиено одобрение од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија. При давањето информации за јавноста, треба да се следат одредени правила според кои треба да се има предвид да не се наруши угледот, честа и достоинството на личноста, презумпцијата на невиност и ако тоа не е на штета на извршувањето на јавно обвинителската функција.

Меѓутоа, со оглед зголемениот интерес за постапувањето на јавните обвинителства, како и дивезификацијата на каналите за комуникација, ова упатство во пракса веќе се покажува како надминато и недоволно, што укажува на потребата од ново упатство за односи со јавноста кое треба да произлезе како една од активностите зацртани со новата стратегија.

## 3.3. **Усогласеност со развојните политики**

Започнувањето на процесот за изработка на Комуникациската стратегијата и нејзиното усвојување од страна на Јавното обвинителство претставува исполнување на една од мерките предвидени во Развојната секторска стратегија за правосудството во Северна Македонија (2024-2028) кои се насочени кон зголемена транспарентност во работењето на институцијата.

Со цел зајакнување на вештините за комуникација и односи со јавност во Акцискиот план за спроведување на развојната секторска стратегија 2024-2028, покрај донесувањето на Комуникациска стратегија, предвидено е и изработка на упатства за комуникација и односи со јавност. Имајќи предвид дека донесувањето

на стратегија само по себе не е доволно за подобрување на работите туку особено е битна практичната примена, предвидени се и активноста за спроведувањето на обуки кои ќе ја опфата внатрешната надворешната комуникација на јавното обвинителство.

За исполнување на овие мерки и активности, како составен дел на Комуникациската стратегија ќе бидат изработени или ќе се унапредат веќе постоечките посебни акти за односи со јавност кои ја опфаќаат и интерна комуникација, упатството за односи со јавност, кризна комуникација, како и упатство за користење социјални мрежи за јавните обвинители.

*Исто така Стратегијата е во согласност и ги следи активностите предвидени за развој во стратешкиот документ од Европската Комисија насловен „План за раст" со цел зајакнување на целокупниот правосуден сектор.*

# 4. КОЈА Е НАШАТА КОМУНИКАЦИСКА ЦЕЛ?

Јавното обвинителство има клучна улога преку своето работење за зајакнување на довербата во функционирањето на јавнообвинителскиот систем, а со тоа и на целокупното правосудство. Тука, од особено значење е институцијата да ја претстави својата работа и да гради отвореност кон пошироката јавност со оглед дека без транспарентност не е возможна отчетност, а без овие начела не може да стане збор за владеење на правото.

## 4.1. Општа цел

**Општа или главна цел на Стратегијата е јакнење на јавната доверба во работата на Јавното обвинителство преку навремено, точно, транспарентно информирање и комуницирање.**

Општата цел на Комуникациската стратегија може да се постигне преку три основни аспекти на комуникацијата:

- Информирање;
- Едукација;
- Промоција на владеењето на правото.

Информирањето подразбира континуиран процес на обезбедување точни и достапни информации за работата на Јавното обвинителство. Тоа е двонасочен процес, односно покрај реактивниот пристап, што подразбира одговарање на барањата на медиумите, од обвинителството се очекува усвојување на проактивен пристап, што подразбира преземање иницијатива за информирање на медиумите за настаните од јавен интерес.

Обвинителите се охрабруваат редовно да ја информираат јавноста, преку медиумите, за своите активности и резултати.

Едукацијата подразбира спроведување редовни и периодични програми за обука за јавните обвинители и за заеднички средби со заинтересирани јавни групи што можат да придонесат за подобро меѓусебно разбирање.

Доближувањето на функцијата јавен обвинител до сите граѓани, објаснувањето на процедурите, запознавање со практични примери преку предавања од јавни обвинители во училиштата, на универзитетите и презентирањето ставови на разни конференции придонесува за подобрување на угледот и авторитетот на обвинителството во јавноста, но и за уривање на предрасудите, стереотипите и недоразбирањата во врска со работата и активностите на обвинителството кај некои целни публики.

Промоцијата на принципот на владеење на правото подразбира активен дијалог со стратешките целни публики со цел да се зголеми свеста и знаењето за важноста, обемот на работа и активностите на јавните обвинителства.

Имајќи предвид дека Јавното обвинителство е сочинето од 28 јавни обвинителства организирани како единствен орган според принципите на хиерархија и судбординација, самата внатрешна организација и уредување во поглед на комуникацијата и протокот на информациите потребно е да биде заснован согласно овие принципи. Ова подразбира меѓусебна хоризонтална и вертикална координација преку Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на сите јавните обвинители и јавнообвинителската служба во обвинителства низ целата земја.

Поради тоа, со овој стратешки документ потребно е да се надминат воочените слабости во делот на внатрешната и надворешната комуникацијата на Јавното обвинителство и да се одржуваат и да се надградат воспоставените добри практики информирање на јавноста за целокупното институционално работење и постапување по отворените предмети.

Единствено преку зголемување на разбирањето за надлежностите, функционирањето и работата на Јавното обвинителство може да се воспостави балансот помеѓу очекувањата на пошироката јавност и медиумите за добивање на информации од една страна и можноста за споделување на информациите од Јавното обвинителство, од друга страна.

## 4.2. Посебни цели на стратегијата

Посебните цели претставуваат приоритети за Јавното обвинителство кои треба да придонесат кон целокупното остварување на промоција на работата на

Јавното обвинителство преку навремено, точно, транспарентно информирање и комуницирање за да се зголеми јавната доверба што претставува генерална цел на Стратегијата. Во таа насока преку дефинарање на следните посебни цели, потребно е да се надминат воочените слабости во делот на внатрешната и надворешната комуникацијата на Јавното обвинителство и да се надградат воспоставените добри практики при информирање на јавноста за целокупното институционално работење:

**• Континуирана проактивна комуникација со едноставно, ефикасно и навремено информирање на сите категории на јавност**

Јавното обвинителство ќе ги користи сите комуникациски алатки на располагање со цел да допре до граѓаните и да им ја пренесе својата институционална визија, надлежностите што ги извршува и да ги образложи одлуките кои ги носи. Комуникацијата не треба да се сведува само на одговори на веќе поставени прашања, туку мора да биде проактивна и самостојно да се произнесува на темите од висок јавен интерес кои го засегаат работењето на обвинителството.

Јазикот кој се користи треба да биде разбирлив и едноставен, но и прецизен во однос на правната терминологија. Тонот кој се користи при пренесување на пораките треба да биде умерен, сериозен и коректен, но во исто време позитивен и динамичен, со што ќе одразува сигурност, доверба и кредибилитет.

Пренесената информација мора да биде точна и проверена и не треба да предизвикува забуни и шпекулации. Исклучително важно е комуникацијата со јавноста да биде навремена со цел што поскоро отстранување на евентуалните штетни последици кои би можеле да настанат од погрешно пренесени информации.

**• Унапредување на интерната комуникација на сите нивоа**

Ефикасна интерната комуникација има клучно значење за навременото информирање на пошироката јавност. За подобро да се разбере како функционира системот за интерна комуникација во Јавното обвинителство потребно е да се имаат предвид неколку правила и принципи врз основа на кои се одвиваат односите со јавноста.

Најпрво, поставеноста на централизираниот систем во Јавното обвинителство за известување и давање информации, мрежата на јавните обвинители кои се распоредени за остварување на комуникација, јавните

обвинтиели на Јавните обвинителства кои ги координираат активностите и поставеноста на Службата за односи со јавноста која е задолжена за реализација на комуникацијата со јавноста.

Од ова може да се заклучи дека во Јавното обвинителство има оформено мрежа од лица кои имаат одредени задолженија во делот на односите со јавноста и кои функционираат во централизиран - хиерархиски систем претставен во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и Службата за односи со јавноста.

Затоа, од суштинско значење не само за лицата кои се вклучени во делот на комуникацијта и односите со јавноста туку и за сите вработени во Јавното обвинителство е да ја разберат важноста на нивната комуникација кога се остварува во име на институцијата.

Во таа насока, имајќи ги предвид досегашните практични искуства, за подобрување на интерната комуникација најпрво потребно е да се направи анализа на постоечкото Упатство за односи со јавноста, негово усогласување со досегашната пракса и надградување со нови алатки за полесна внатрешна комуникација. Исто така, потребно е преку Одделението за човечки ресурси да се изготви ажурирана листа на вработени - адресар со контакт податоци за телефонска и електронска комуникација, со цел полесно споделување на информациите.

**• Јакнење на институционалниот имиџ, видливост и препознатливост на Јавното обвинителство**

Препознатливоста на Јавното обвинителство кај општата јавност се уште е на ниско ниво. Иако во изминатите години постои одреден напредок, сепак поголем дел од граѓаните се уште го поистоветуваат Јавното обвинителство со Судот, особено во оние места каде двете институции се сместени во исти објекти. Дополнително, евидентно е недоволно познавање на надлежностите на Јавното обвинителство дури и кај дел од новинарите.

За таа цел, неопходно е во следниот период Јавното обвинителство да вложи дополнителни напори за јакнење најпрво на визуелниот идентитет и институционалната препознатливост преку усвојување на лого на институцијата и негова соодветна промоција.

Дополнително, преку зголемување на обемот на информации достапни за јавноста, Јавното обвинителство треба да ја зголеми својата видливост и специфичност во системот на носење одлуки.

**• Промовирање на целокупното работење и активностите на јавните обвинителства, унапредување на информираноста на јавноста за надлежноста на јавното обвинителство**

Како што налагаат меѓународните стандарди, Јавното обвинителство треба да ја информира јавноста не само за предметите по кои постапува туку и за целокупното работење и активности при што треба да ги користи сите достапни средства за комуникацијата. Тука доаѓаме до најбитниот сегмент во делот на комуникацијата и односите со јавноста, а тоа е транспарентноста во работењето како суштинска основа на владеењето на правото.

При спроведување на овие активности, важна компонента претставува и едукацијата преку користење на можноста при остварување на комуникацијата да се даде објаснување за улогата и надлежностите на Јавното обвинителство, претставување на функцијата и постапувањето на јавните обвинители во постапките кои ги водат а се со цел да се добижи работата до пошироката јавност.

Разбирливо е дека најголемиот интерес на пошироката јавност а со тоа и на медиумите секогаш е насочен кон конкретните кривично правни предмети од значителен јавен интерес по кои постапува Јавното обвинителство. Сепак, тука не треба да се стави во втор план информирањето за секојдневното функционирање на Јавното обвинителство и активностите кои ги имаат јавните обвинители во рамки на институционалните надлежности.

**• Воспоставување јасни правила за кризна комуникација**

Високиот јавен интерес за постапките кои ги води Јавното обвинителство и особено тежината и комплексноста на одредени постапки често создаваат потенцијал за кризни ситуации, во кои е неопходна итна, точна и транспарентна информација со цел да не се загуби јавната доверба.

Јавното обвинителство како институција на која и се доверени едни од најодговорните државни функци често е во фокусот на најспецифичните и најтешки општествени случувања во земјата како последица од кривично правни настани. Од првичниот одговор и пристап кон таквите состојби во најголема мера зависи и пошироката општествена реакција.

Оттука, јасно може да се увиди потребата од воспоставување дополнителни правила со кои ќе се регулира кризната комуникација, најпрво преку препознавање на потребата од таков вид на комуникациска активност што подразбира планска, навремена и координирана реакција за предмети, случаи, општествени состојби и

настани кои имаат зголемен јавен интерес, медиумска изложеност, кога постои ризик од нарушување на угледот на институцијата или нарушување на самостојноста на јавните обвинители во вршење на функцијата.

Предуслов за ефикасна кризна комуникација е воспоставување на координирани и функционални механизми со кои дополнително ќе се ангажираат каналите за внатрешна комуникација во услови на криза и каде протокот и размената на информациите ќе се врши во реално време. Поради тоа, правила при кризна комуникација се комплементарни и ги надградуваат оние кои се применуваат при редовната секојднева комуникација.

Преку детално уредување на кризната комуникација и воспоставување на правилата во Јавното обвинителство, треба да се изгради систем кој не само ќе ги препознае туку и врз основа на генерални насоки ќе може да ги предвиди состојбите кои налагаат кризна комуникација, а потоа точно ќе се знае кој, кога, каде и како дејствува.

**• Унапредување и развивање на комуникациските вештини на сите нивоа**

Комуникацијата претставува специфична вештина на чие развивање секој континуирано треба да работи и да се надградува. Со зголемената транспарентност и отвореност на Јавното обвинителство неминовно се зголемува и бројот на луѓе кои треба да бидат подготвени да ги пренесуваат институционалните пораки и да комуницираат во име на институцијата.

Од тие причини, Јавното обвинителство мора да се залага за унапредување и развивање на комуникациските вештини од најниско до највисоко ниво, притоа имајќи ги предвид личните предиспозиции и својството во кое би можеле да се јават потенцијалните комуникатори.

За таа цел институцијата до сега ги користи капацитетите на Академијата за судии и јавни обвинители. Таа поддршка во иднина треба да продолжи со зголемување на бројот на обуки и посетители, а обвинителството треба да даде свој придонес за развој на специфични обуки согласно потребите на јавните обвинители и службеници. Дополнително, потребно е да се размисли и за потребата од воведување посебни редовни менторинг-сесии за комуникациски вештини со лицата кои најчесто комуницираат во име на институцијата.

## • Зголемување на капацитетите на Службата за односи со јавноста

Службата за односи со јавноста на Јавното обвинителство е централниот дел од системот за комуникација, во кој се обединуваат сите аспекти на внатрешната и надворешната комуникација, но и се врши планирање и организација на комуникациските стратегии.

Имајќи предвдид дека ваквиот менаџмент на комуникациски процеси е исклучително сложен, капацитетите на Службата за односи со јавноста и во кадровска и во материјална смисла се далеку од доволни. Во моментов, во Службата за односи со јавноста се вработени само 2 стручни лица - експерти од областа на комуникациските науки, поради што е неопходно дополнително вработување на лица согласно широките надлежности на ова тело.

Воедно, Службата за односи со јавноста треба да има на располагање и соодветни дигитални алатки со цел поефикасна и посуштинска комуникација со јавноста. Вработените во Службата за односи со јавноста, исто така треба да имаат можност за континуирани обуки и размена на искуства со комуникациски оддели од други слични сложени системи.

## • Воспоставување инфо-пулт за странките во Јавното обвинителство

Првиот директен контакт на јавноста со Јавното обвинителство се секако објектите на обвинителството. Регионалната правосудна анкета 2025 на Групацијата Светска банка покажа дека довербата во Јавното обвинителство е поголема кај оние граѓани кои имале директен контакт со институцијата.

Самиот влез во објектите во кои се сместени обвинителствата треба да оддава впечаток на сигурност, доверба и углед. Во исто време, периодот поминат во јавното обвинителство треба да се искористи за на странките да им се појаснат правилата на постапката и надлежностите на обвинителството.

Од тие причини, на влезот во секое јавно обвинителство треба да функционира инфо-пулт со основни материјали кои ја појаснуваат работата на обвинителството и кои ќе ги насочат странките за текот на постапките.

**• Зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор**

Соработката со невладините организации е од суштинско значење особено за одредени специфични прашања и за соодветен широк општествен одговор на одредени кривично-правни појави. Во последните години, Јавното обвинителство прави обиди за воспоставување на таа соработка, меѓутоа таа се уште не е на задоволително ниво.

Потребно е организирање на состаноци и работилници со невладини организации, а јавните обвинители треба да даваат свој активен стручен придонес во мултисекторските тела и мрежите за превенција на одреден вид криминалитет. Иако улогата на јавниот обвинител во превентивните активности е мала, со својата стручност и професионално искуство обвинителите можат да дадат исклучително важен придонес во димензионирањето на општествените политики и да влијаат граѓанскиот сектор правилно да ги димензионира своите активности на поддршка на институциите.

**• Зајакнување на меѓуинституционалната соработка**

Јавното обвинителство не е изолирана институција. Пораките што ги пренесува во јавноста и начинот на кој комуницира мора да се усогласени и координирани со цел да не создава забуна во јавноста или недоверба во точноста на информациите.

Како институција надлежна да раководи со истражната постапка, Јавното обвинителство треба да ги координира особено институциите од правосудната полиција (МВР, УФП, УЈП) во однос на информациите кои можат да се споделуваат со јавноста. Во текот на судската постапка, пак, при комуникацијата со јавноста обвинителството мора да го штити и угледот на Судот и правата на сите странки. Дополнително, обвинителството е упатено на соработка и со другите државни органи, а во интерес на ефикасно извршување на своите надлежности.

Институционалната комуникација на Јавното обвинителство треба да го одразува духот на сорабтка и размена на информации во заштита на јавниот интерес.

## 5. СО КОГО КОМУНИЦИРАМЕ?

Имајќи ја предвид правната рамка во која се пропишани основните принципи на комуникација за Јавното обвинителство, произлегува дека институцијата е должна да ја информира јавноста покрај за активностите од тековното работење така и за одделни случаи по кои постапува, а кои предизвикуваат поширок интерес во јавноста. Во насока на промовирање на работата на Јавното обвинителство преку навремено, точно, транспарентно информирање и комуницирање за да се зголеми јавната доверба, прифатена е широка дефиниција на јавноста кон која се обраќаме, а како целни групи за комуникација се јавуваат:

**• Општа јавност**

Јавното обвинителство преку примена на принципите од начелото за транспарентност треба да ја стори достапна и претстави својата работа до пошироката јавност во рамки на дозволеноста за споделување на информации доколку станува збор за кривично правен настан. Тука, треба да дојде до израз афирмативна природа преку појаснување на своите законски надлежности и наведените ограничувања за споделување на информациите со кои располага институцијата.

Во најголем дел општата јавност ги добива информациите за работата и конкретното постапување на Јавното обвинителство преку медиумите или преку објавите на веб страницата. Поради ова соопштенијата и изјавите од Јавното обвинителство треба да бидат јасни, прецизни и разбирливи за сите. Ваквиот јазик на комуникација ќе овозможи разбирливост и достапност до општата јавност без забуни кои може да ги внесат сложената правна терминологија или добивање нецелосни информации преку цитирање само на правни норми за постапките.

Сепак комуникацијата со пошироката јавност и градењето на довербата во работа на Јавното обвинителство не може да се сведе само на информациите споделени од медиумите или објавените на веб страницата. Особено значајна улога

има директниот, непосредниот контакт кој треба да го имаат претставниците на Јавното обвинителство со јавноста. Тука спаѓа организацијата на отворени денови на обвинителството, средби со граѓани, предавања во образовни институции и сл.

*Имајќи го предвид ова, Јавното обвинителство на транспарентен начин преку принципите на комуникација и почитување на законските ограничувања ќе ја доближи својата работа до општата јавност преку директна јасна, прецизна и разбирлива комуникација.*

**• Медиуми**

Комуникацијата со јавноста преку медиумите може да претставува сложен и сериозен предизвик за Јавното обвинителство ако се имаат предвид некои аспекти од природата на работа, како и организацијата на јавното обвинителство. Јавните обвинители мора да внимаваат на разликата меѓу јавниот интерес и она што е интересно за јавноста, а кое вклучува дискусија за детали од предмети по кривични постапки.

Јавното обвинителство не секогаш може да ги сподели сите информации со медиумите, бидејќи е должно информацијата да ја подготви и да ја провери низ филтерот на одредени начела, почнувајќи од *ефикасноста и доверливоста на истрагите,* доколку е во прашање кривичната постапка.

Во тој контекст, истовремено Јавното обвинителство очекува дека ја разбираат неговата законска положба и законски предвидените ограничувања за јавно споделување одредени информации, па во случај кога не не се споделуваат конкретни информации, сметаат дека тоа не треба да се поистоветува со нетранспарентност. Оваа своја позиција обвинителството треба да се труди да ја појасни, а секоја неможност за споделување информации соодветно да ја објасни и аргументира.

Поаѓајќи од ова гледиште Јавното обвинителство се обврзува дека ќе работи на зголемување на разбирањето за функционирањето на медиумите, потребата за информирање и отвореноста кон јавноста. Притоа, Јавното обвинителство континуирано ќе работи и на зголемување на комуникациските алатки со кои ќе им ги прави достапни на новинарите информациите за својата работа.

Воедно, имајќи предвид дека медиумите се сојузници на обвинителството во заштитата на јавниот интерес, Јавното обвинителство треба да ги користи своите

законски механизми за одбрана на слободата на изразување и заштита на безбедноста на новинарите.

*Медиумите имаат клучна улога во пренесувањето на информациите од работењето на Јавното обвинителство, а со тоа и во креирањето на сликата до целокупната јавност. Тргнувајќи од фактот дека најголем дел од општата јавност го формира мислењето преку информациите споделени од медиумите, Јавното обвинителство треба да посвети посебно внимание кон воспоставување и одржување на квалитетни односи со сите новинари и медиуми. Секојдневната комуникација помеѓу Јавното обвинителство и медиумите е клучно за остварување на целта на Стратегијата.*

**• Стручна јавност**

Стручната јавност се издвојува во посебен сегмент од општата јавност и ги опфаќа сите оние категории граѓани кои имаат повисоки правни познавања, особено во делокругот на работа на Јавното обвинителство и кривичната постапка (правници, адвокати, судии, поранешни јавни обвинители, професори и сл.).

Јавното обвинителство треба да посвети внимание аргументирано да ги комуницира своите одлуки со професионалците, кои го следат и коментираат постапувањето на обвинителството и ја ценат неговата стручност. Од тие причини важно е комуникацијата со овој дел од јавноста да биде прецизна и правно издржана, при што до израз ќе дојде аргументацијата со која обвинителството ги цени доказите.

Воедно таа комуникација треба да ја одразува и културата на професионална почит кон останатите чинители во правниот систем, со што и кај општата јавност ќе се создаде впечаток на доверба и усогласеност на ставови.

*Информациите од Јавното обвинителство кои допираат до стручната јавност, во форма на детални анализи, дискусии на стручни и научни форуми или при соочување на аргументи за правни прашања ќе бидат издржани и добро поткрепени, а контактите со колегите-професионалци континуирано ќе се негуваат.*

**• Граѓански сектор**

Работата на Јавното обвинителство претставува предмет на речиси постојан мониторинг од страна на граѓанскиот сектор. Тука особено е важно да се воспостават директни канали за комуникацијата и споделување на релевантни

податоци, бидејќи граѓанските организации подготвуваат извештаи и анализи кои имаат големо влијание за перцепцијата на јавноста кон работата на Јавното обвинителство.

Претставниците на Јавното обвинителство треба да имаат активно учество на настаните каде презентираат извештаите и анализите кои се однесуваат на работата на Јавното обвинителство, но исто така институцијата треба да биде отворена и за разгледување на истите во рамки на внатрешното работење.

Заедничката соработка со граѓанските организации треба да се надгради и кон организирање на заеднички активности како што се тркалезни маси или обуки како би се унапредила соработката.

*Јавното обвинителство ќе воспостави редовна и отворена комуникација со граѓанскиот сектор преку размена на информации, учество на настани и заеднички активности со цел унапредување на транспарентноста и довербата во неговата работа.*

**• Меѓународни организации**

Уште еден важен сегмент од јавноста се меѓународните организации, кои исто така преку своите извештаи редовно ја следат работата на обвинителството како клучна институција за системот на владеење на правото.

Јавното обвинителство мора да ги направи достапни за нив сите податоци врз основа на кои реално ќе се цени неговата работа и да даде поддршка на активностите на меѓународните организации кои се залагаат за унапредување на правниот систем во државава.

*Одржувајќи редовна комуникација и редовни средби и учествувајќи на настани и конференции организирани од меѓународните организации во земјава, Јавното обвинителство ќе се залага за унапредување на сите канали за меѓународна соработка во кривично-правна материја.*

**• Државни органи**

Потребно е Јавното обвинителство да воспостави и да одржува ефективни механизми за комуникација и интеракција со сите државни органи и институции, но и систем на заштита кога ќе се забележат одредени состојби кои го загрозуваат јавнообвинителскиот систем или конкретно јавно обвинителско постапување.

Во таа насока, соработката и континуираната комуникација со законодавната и извршната власт е важна, бидејќи тие имаат обврска да обезбедат правилни законски решенија и соодветна финансиска поддршка како услови без кои работата на Јавното обвинителство би била невозможна.

Воедно, имајќи ја предвид својата улога како орган кој раководи со целокупниот истражен процес, Јавното обвинителство постојано комуницира, не само со органите на правосудната полиција, туку и со сите државни и јавни институции, органи и други правни лица кои можат да дадат свој придонес за прибирање на доказите. Од особена важност е комуникацијата и со независните институции, како Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата, кои со своите активности ја поддржуваат работата на обвинителството.

Преку подготовка на меѓу институционални протоколи за соработка може попрецизно да се уреди начинот на комуникација и активностите кои ги презема секоја институција особено во постапките по кривично правни настани.

*За правилно функционирање на правосудниот систем потребен е заеднички и координиран пристап и постојана комуникација со сите државни институции.*

- **Внатрешна јавност**

Јавните обвинители и вработените во Јавното обвинителство претставуваат специфична внатрешна целна група, бидејќи примарната интеракција во рамки на законските надлежности се остварува внатрешно во Јавното обвинителство. Тие имаат право да бидат запознаени со одлуките и постапките кои влијаат на нивното работење и да ја разберат нивната важност.

Комуникацијата со јавните обвинители и вработените во Јавното обвинителство треба да е професионална, да се одвива непречено и ефикасно, но пред се на практичен начин за да се зајакнат резултатите на институцијата. Процесот на градење доверба во работата на Јавното обвинителство претставува заедничка задача и императив на сите вработени во институцијата.

*Воедно, ефикасната интерна комуникација е единствениот начин да се обезбедат усогласени информации кои потоа треба да се презентираат во јавноста. Професионалниот и достоинствен однос на сите вработени во Јавното обвинителство е клучен за успешното работење и градење на доверба и за правилно и непречено на функционирање на јавнообвинителскиот систем.*

# 6. КОЈ КОМУНИЦИРА?

Системот за комуникации на Јавното обвинителство е сложен и тој ја одразува сложеноста на целокупната институција, односно нејзината хиерархиска поставеност од една страна, но и самостојноста на јавните обвинители во постапувањето до друга страна.

Иако е евидентно дека во претстојниот период важечкото Упатство за односи со јавноста мора да претрпи одреден промени согласно развојот на транспарентноста и отвореноста на Јавното обвинителство, сепак во веќе воспоставениот систем се детектираат следните улоги.

**• Јавен обвинител на РСМ**

Државниот јавен обвинител ги има сите овластувања да ја претставува институцијата во нејзината комуникација со јавноста. Тој раководи и со системот на интерна и на екстерна комуникација, овозможувајќи пораките да бидат единствени, координирани и навремени. Воедно, Јавниот обвинител на РСМ ја претставува институцијата и во комуникацијата со други домашни и меѓународни институции и се грижи за вкупниот институционален имиџ и доверба.

**• Шефови на јавни обвинителства**

Јавните обвинители кои раководат со јавните обвинителства овозможуваат непречен проток на информациите, неопходен да ја одрази специфичноста на надлежното постапување на одредено подрачје или по одредено кривично дело. Шефовите и на основните и на вишите јавни обвинителства треба да обезбедат навремени, точни и детални информации за работата на конкретното обвинителство и истите да ги споделуваат контиунирано со јавноста, користејќи го притоа системот за односи со јавноста во Јавното обвинителство како стручна поддршка.

Funded by
the European Union

**• Надлежни јавни обвинители во конкретен предмет**

Надлежните јавни обвинители кои постапуваат во конкретни предмети се вистинските иматели на деталните информации од предметите кои претставуваат јавен интерес.

Нивната обврска вклучува правилна и навремена проценка на интересот на јавноста, особено за потенцијалните кризни ситуации, од која зависи и активирањето на механизмите за редовна или кризна комуникација. Воедно предметните обвинители мора да се во можност самостојно да комуницираат со јавноста за прашањата од јавен интерес во предметите по кои постапуваат, преку брифинзи, изјави и сл., користејќи го притоа системот за односи со јавноста во Јавното обвинителство како стручна поддршка, а на Службата за односи со јавноста да и ги обезбедуваат сите потребни податоци и информации за подготовка на соопштенија и одговори на новинарски прашања.

**• Служба за односи со јавноста**

Службата за односи со јавноста на Јавното обвинителство е директно надлежна да остварува секојдневна редовна коуникација со медиумите и јавноста за сите прашања од јавен интерес поврзани со работата на Јавното обвинителство. Преку имплементација на соодветните упатства и насоки, таа овозможува комуникацијата да се одвива непречено и овозможува стручна поддршка на јавните обвинители за ефикасност и ефективност на пораките.

И покрај тоа што кадровски не е доволно екипирана, Службата е суштински сегмент во кој се следи точноста на објавените информации поврзани со рбаотата на обвинителството и се врши континуирана проценка и анализа на ефикасноста на комуникацијата на Јавното обвинителство.

**• Вработени во јавното обвинителство**

Вработените во Јавното обвинителство се поединечни комуникатори кои во основа најчесто ги користат неформалните канали за комуникација со јавноста. Сепак преку своите размислувања и согледувања за работата на обвинителството директно влијаат на општата перцепција и довербата во институцијата. Затоа е важно тие да се редовно и континуирано информирани за институцијата во која работат. Исто така, по овластување од Јавниот обвинител на РСМ, одредени вработени во обвинителството можат да даваат изјави за медиуми поврзано со нивната работа.

# 7. КОМУНИКАЦИСКИ ПРИНЦИПИ

Во Законот за јавното обвинителство предвидено е Јавното обвинителство да ја информира јавноста за одделни случаи по кои постапува, а кои предизвикуваат поширок интерес во јавноста или се од значење за остварување на неговата функција, почитувајќи ги следните принципи:

- презумпција на невиност,
- право на приватен живот и достоинство,
- право на информирање и слобода на медиумите,
- право на правично судење,
- право на одбрана,
- интегритетот, ефикасноста и доверливоста на истрагите,
- отвореност.

Од клучно значење за остварување на главната цел на Стратегијата е комуникацијата а со тоа и транспарентноста на Јавното обвинителство да се одвива и согласно **следните принципи**:

**• Проактивност**

Јавното обвинителство мора да го одржува проактивниот пристап кон информирањето со цел да го задржи вниманието на јавноста кон целокупната негова работа и активности и затоа ваквиот пристап треба да се практикува во остварување на целите.

Комуникацијата со јавноста треба да биде континуирана и во зависност од состојбите првичните информации да произлегуваат од Јавното обвинителство, а не да се применува пасивен пристап и чекање да се добијат барања за информации или изјави.

**• Точност и прецизност**

Точноста и прецизноста на информациите е неприкосновен приоритет и предуслов за јакнење на довербата во институцијата. Јавноста и медиумите мора да бидат уверени дека обвинителството е кредибилен извор на информациите. Тоа подразбира дека секоја информација пред да биде објавена во Јавното обвинителство мора да подложи на систем на проверки и контроли.

**• Навременост**

Проверката на точноста на информацијата сепак не треба да се одрази на навременоста во известувањето, бидејќи клучно е навременото споделување на информациите и одлуките, а секое неоправдано одлагање може да отвори простор за сомнежи и шпекулации кои го доведуваат во прашање целокупното постапување. За таа цел потреба е директна и навремена комуникација со сите целни групи.

**• Координираност**

Имајќи го во предвид централизираниот пристап во споделување на информациите и подготовка на соопштенијата во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија од исклучително значење е внатрешната и надворешната координација со цел сите вклучени институции во еден кривично правен настан да имаат комплементарен пристап во информирањето. Внатрешната координација подразбира навремена внатрешна комуникација во Јавното обвинителство, додека надворешната координација се врши со другите државни органи како што се судовите, правосудната полиција и другите институции. Тука е значајно секоја институција да ги споделува информациите кои согласно фазата на постапката има законска можност да ги сподели со јавноста, а без притоа да наштети на постапката или да навлезе во ингеренциите на некоја друга.

**• Јасност и разбирливост на информацијата**

Комуникацијата нема да ја постигне целта доколку содржински не е квалитетна, едноставна и разбирлива за јавноста. Ова е од суштинско значење бидејќи секоја информација споделена со пошироката јавност треба да биде базирана на факти во согласност со законската регулатива и да дава доволен спектар на информации. Тоа подразбира да се обезбеди одговор на шесте новинарски прашања: **Кој? Кога? Што? Каде? Како? Зошто?**

# 8. КОМУНИКАЦИСКИ АЛАТКИ И ТЕХНИКИ

Јавното обвинителство во изминатиот период вложи големи напори кон подобрување на комуникацијата и транспарентноста во своето работење. Преку Стратегијата потребно е да се унапредат и надградат постоечките воспоставени добри практики за објавување на соопштенија и информации, комуникација со медиуми, давање изјави, интервјуа и организирање брифинзи. Особено се истакнува во позитивно светло подобрување на функционалноста и достапноста на веб – страницата на Јавното обвинителство каде редовно се објавуваат информации. Притоа треба да се напомене дека веб страницата има и повеќе други функционалности (календар на настани, анализи, статистики и сл.) кои поради недостаток на капацитети не се доволно искористени.

Имајќи ги предвид целните групи во корелација со принципите, потребно е Јавното обвинителство правилно да процени и предвиди кои комуникациските алатки ќе ги примени во зависност од конкретните барања и потреби.

Во тој контекст, може да се применат следните комуникациски алатки и техники:

- соопштенија за јавноста,
- објави за конкретни активности на Јавното обвинителство,
- конференција за медиуми,
- брифинзи за новинари
- интервјуа,
- изјави за медиуми,
- одговори на новинарски прашања
- одржување на веб страницата

- воспоставување на директна комуникација преку користење мобилните апликации за групна комуникација со медиумите и граѓанскиот сектор,

- организирање отворени денови

- извештаи

- билтен

- анализи и статистики

- предавања и обуки

Секоја од овие препорачани начини за комуникација треба да биде прилагоден кон барањата и потребите за информирање. Во иднина, согласно можностите, Јавното обвинителство треба да се стреми кон диверзификација на алатките и каналите кои ќе ги користи за да допре до колку што е можно поголем дел од јавноста.

- **Јавното обвинителство на социјалните медиуми**

Јавното обвинителство до овој момент не ги користи социјалните мрежи и медиуми за институционална комуникација со јавноста. Меѓутоа, имајќи ги предвид анализите кои укажуваат дека најголем дел од граѓаните всушност се информираат од социјалните мрежи, потребно е да се размисли за воведување прилагодени решенија за искористување на овие канали за комуникација. Во последните две години, се забележува проширување на користењето на сметките на социјалните медиуми од страна на речиси сите институции, како и од страна на раководните лица во овие институции.

Покрај предностите, постојат и определени ризици од ваквата опција, бидејќи Јавното обвинителство на Република Северна Македонија нема доволно ресурси за да одржува редовна комуникација со јавноста на сите социјални медиуми. Затоа, пред потенцијално креирање сметка на која било социјална мрежа, потребно е да се спроведе сеопфатна анализа, да се развие дигитална стратегија или упатства за комуникација преку социјалните мрежи.

# 9. КРИЗНА КОМУНИКАЦИЈА

Како што постојано се нагласува, комуникацијата од страна на Јавното обвинителство во сите ситуации бара претходна подготовка. Комуникацијата во кризни ситуации бара уште поголемо ниво на подготвеност.

За да се комуницира и реагира соодветно во кризни ситуации, Јавното обвинителство мора да развие посебни насоки и упатства за комуникација во кризни ситуации.

За ефикасна реакција и комуникација во услови на криза важно е да знаеме дека треба да негуваме отворен и кредибилен однос со новинарите. Ако го сториме ова, медиумите ќе пристапуваат со поголема доверба и ќе се поспремни за соработка.

Комуникацијата за време на кризна ситуација претставува однапред планирани активности. Токму затоа е потребно да се дефинираат правилата за комуникација во кризна состојба. Насоките за комуникација во кризна состојба ќе бидат основата што ќе помогне полесно да се надминат ваквите ситуации, навремено да се препознаат кризните ситуации, така што, преку навремена реакција, нивниот ефект може да се ублажи.

Досегашното искуство во услови на предмети од исклучителен јавен интерес покажа дека во Јавното обвинителство не постојат јасно утврдени правила кои прецизно дефинираат кој, кога и како комуницира за време на кризна ситуација. Многу е важно во кризна ситуација секој да се придржува до јасно дефинирани правила со цел да се избегнат ситуации каде што носителите на одлуки и оние кои се одговорни за нивно комуницирање, поради стрес и прекумерна пренатрупаност што се јавува во такви ситуации, не се во можност да комуницираат едни со други, да се договорат и да донесат одлуки за тоа како и на кој начин треба да се надмине одредена криза. Целта на овие упатства е да помогнат во надминувањето на секоја идна кризна ситуација на најдобар можен начин за институцијата, со што е можно помала опасност за угледот на обвинителството.

Funded by the European Union

# 10. НАДГРАДУВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ ВЕШТИНИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА

Зголемената транспарентноста на институцијата и обидот да се прошири достапноста на информациите до пошироката јавност неминовно упатуваат на потребата преку едукација, обуки и тркалезни маси помеѓу јавните обвинители, претставници на медиумите и заинтересираната пошироката јавност со цел да се подигне знаењето за јавнообвинителската организација, кривичното законодавство, како и можноста за споделување на одредени информации во текот на кривичната постапка.

Од друга страна претставниците на Јавното обвинителство директно ќе треба да се запознаат со потребите за информации и начинот на работа на медиумите, како и кои се најбитните аспекти за пошироката јавност кои треба да бидат споделени за да се задржи транспарентното ниво на информирање. Клучно за јавните обвинители е да се обучат и на интерните правила на комуникација, особено во услови на кризни ситуации.

Единствено преку вакви непосредни и заеднички активности може да се воспостави балансот помеѓу очекувањата и можностите при споделувањето на информациите. Заклучоците и препораките од овие средби треба да бидат преточени во прирачници со цел да се изградат високи стандарди при комуникација со пошироката јавност. Притоа, обвинителството ќе ги користи и сопствените, но и капацитетите на Академијата за судии и јавни обвинители.

Под едукацијата спаѓа и надградување на личните професионални вештини за комуникација, како што се знаењата за јавен настап, јавно говорење или подготовка на информации за јавноста преку специјализирани обуки во Јавното обвинителство, па дури и преку континуирани индивидуални менторинг сесии.

# 11. РАМКА ЗА СЛЕДЕЊЕ, ИЗВЕСТУВАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА

По донесувањето на Стратегијата и Акцискиот план кој ќе произлезе од неа, првиот чекор со цел успешно имплементирање на овој стратешки документ ќе биде активноста за формирање на Комисија за спроведување на Стратегија.

Оваа Комисија треба игра важна улога во координирањето и надгледувањето на извршувањето на Стратегијата и нејзиниот Акциски план, водејќи грижа за исполнување на препораките и следење на напредокот. Примарните одговорности на Комисијата ќе вклучуваат проценка на индикаторите за исходот и влијанието, собирање податоци и спроведување редовни проценки и известувања.

Комисијата која треба да ја формира Јавниот обвинител на Република Северна Македонија на редовно периодично ниво ќе изготвува извештаи за имплементација на активностите од Стратегијата, ќе предлага измена и дополнување на предвидените активности и ќе укажува на проблемите при нејзината реализација.

Воедно, на крајот од тригодишниот период, Комисијата ќе има обврска да изготви завршен извештај со оценка за реализацијата на Стратегијата, констатираните слабости и нереализирани активности, како и предлози за новиот стратешки документ. Ваквиот извештај Комисијата ќе треба да го достави до Јавниот обвинител на Република Северна Македонија со што ќе придонесе за континуитет во стратешкото планирање на оваа област.

Funded by the European Union

# 12. БУЏЕТ

Повеќето комуникациски активности имаат буџетски импликации. Досега, тие се спроведуваа со поддршка на меѓународни партнери. За да не зависи нивното спроведување од приоритетите на меѓународните партнери, потребно е во наредниот период да се обезбедат соодветни средства од буџетот за оваа намена.

Во оваа смисла, потребно е сите јавни обвинителства, при поднесување буџетските барања, да доставуваат и образложени барања за спроведување на специфични комуникациски активности со цел да се потврди можноста за нивно спроведување во рамките на доделените буџетски средства за следната година.

*Без адекватно планирање и алоцирање на потребните финансиски ресурси, предвидените активности во Стратегијата нема да може да се реализираат со што директно ќе се оневозможат чекорите за јакнење на јавната доверба во Јавното обвинителство.*

# 13. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Пред Вас е стратешки документ чија основна цел е трансформација на Јавното обвинителство во модерна, отворена и отчетна институција. Тој процес е веќе започнат, а стратешкиот пристап треба да ни овозможи координираност на напорите и дополнителна посветеност кон приниципите на транспарентност што очекуваме дека ќе влијае и за зголемување на довербата на граѓаните во Јавното обвинителство.

Целиот концепт на овој стратешки документ се темели на формулирање препораки кои произлегуваат од согледаните реални состојби во секојдневното работење и постапување на Јавното обвинителство. Преку нивна примена на долг рок, ќе се изградат практики кои ќе се применуваат во работење и со тоа ќе се воспостави институционалната меморија во систем на односите со јавноста. Во таа насока, препораките ги опфаќаат и досега воспоставените добри практики на работење и настојуваат да ги надградат и унапредат, додека за оние состојби воочени како слабости се адресираат решенија за надминување на истите.

Како главен заклучок од меѓународните стандарди може да се посочи дека транспарентноста и ефективната комуникација се суштински за зајакнување на доверба во правосудните институции. Јавните обвинителства не смеат да бидат изолирани од јавноста, туку треба проактивно, навремено и професионално да информираат за своите активности, преку соработка со медиумите и користење на сите достапни канали. Тие имаат обврска да делуваат отворено и одговорно, со почитување на човековите права, а притоа да обезбедат и соодветна обука за комуникација, бидејќи токму преку транспарентноста се гради довербата и се јакне владеењето на правото.

Комуникацијата на Јавното обвинителство со јавноста треба да биде стратешки водена и заснована на принципите на проактивност, навременост и јасност, со цел да се задржи вниманието на јавноста и да се зајакне довербата во работењето на оваа институција. Иако интересот на медиумите најчесто се фокусира на конкретни кривично-правни настани, Јавното обвинителство има обврска да ја информира јавноста и да ја афирмира целокупната своја работа преку

користење на достапните комуникациски канали, особено сопствената веб-страница, со што самостојно станува влијателен медиум.

Се разбира, во процесот на јакнење на транспарентноста неопходна ни е поддршка од останатите институции, од општествените чинители и од граѓаните, во чиј највисок интерес е ефикасноста и отвореноста на Јавното обвинителство.

Донесувањето на Стратегијата претставува првиот и основен чекор во насока на подобрување на комуникацијата, но за успешно исполнување на целите потребно е да се преземат конкретни активности во предвиден рок поради што составен дел на овој стратешки документ претставува и Акцискиот план.

Во Акцискиот план, кој е Анекс 1 на овој документ, се предвидени конкретни препораки и активности со временска рамка за исполнување на истите, што ќе овозможи редовно следење, оценување и известување за степенот на реализација.

ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ

НА РЕПУБЛИКА СЕЕВРНА МАКЕДОНИЈА

М-р Ненад Савески

**АНЕКС 1 – Акциски план за реализација на Комуникациската стратегија на Јавното обвинителство 2026-2028 година**

| | Активност | Опис | Рок за реализација | Буџет |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Формирање на Комисија за спроведување на Стратегијата | Одлука за формирање на Комисијата со начин за постапување | Јуни 2026 | Нема буџетски импликации |
| **2** | Анализа на досегашната примена на Упатството за односи со јавноста | Анализата треба да ги утврди слабостите од досегашната примена | Јуни 2026 | Нема буџетски импликации |
| **3** | Усвојување на лого на Јавното обвинителство | Целта е зголемување на институционалната видливост и препознатливост | Јуни 2026 | Има буџетски импликации |
| **4** | Активности за промоција на усвоеното лого и брендирање на институцијата и нејзините акти | Целта е зголемување на институционалната видливост и препознатливост | Континуирано | Има буџетски импликации |
| **5** | Спроведување анкета за вработените во Јавното обвинителство | Мерење на интерната доверба и тестирање на системот за интерна комуникација | Јуни 2026 | Нема буџетски импликации |
| **6** | Ревидирање на Упатството за односи со јавноста на Јавното обвинителство | Согласно утврдените слабости со анализата | Втора половина на 2026 година | Нема буџетски импликации |
| **7** | Прирачник за постапување во предмети од висок јавен интерес | Изработен врз основа на конкретни примери од постапување во предмети | Втора половина на 2026 година | Има буџетски импликации за печатење |

Funded by the European Union

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **8** | Усвојување на Упатство за кризна комуникација | Воспоставување и организација на системот за кризна комуникација во Јавното обвинителство | Септември 2026 година | Нема буџетски оимпликации |
| **9** | Јакнење на кадровските капацитети на Службата за односи со јавноста | Пополнување на систематизирани работни места | Континуирано | Има буџетски импликации |
| **10** | Одржување и зголемување на искористеноста на веб страницата на Јавното обвинителство | Искористување на сите функционалности и анализа на потребите од редизајн | Континуирано | Има буџетски импликации |
| **11** | Редизајн на Годишниот извештај за работата на јавните обвинителства | Опфаќање на клучните статистики од интерес на јавноста во годишниот извештај | Крај на 2026 година | Нема буџетски импликации |
| **12** | Иницирање редовни координативни средби со службите за односи со јавноста на други институции за уредување на начинот на редовна и кризна комуникација со јавноста | Испитување на можноста за усвојување меѓу-институционални протоколи за надминување на слабостите и неусогласеностите во досегашно функционирање | Крај на 2026 година | Нема буџетски импликации |
| **13** | Анализа на можностите за воспоставување профили на Јавното обвинителство на социјални мрежи | Приоритет на професионалните мрежи (LinkedIn и сл.) | Почеток 2027 година | Нема буџетски импликации |
| **14** | Обука на јавните обвинители и на јавнообвинителските службеници за комуницирање преку социјални мрежи | Промоција на насоки за одговорна комуникација | Почеток на 2027 година | Има буџетски импликации |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **15** | ПР кампања за јавна промоција на улогата на јавното обвинителство | Јакнење на јавната доверба и едукација на општата популација | Втора половина од 2027 година | Има буџетски импликации |
| **16** | Реактивирање на „Обвинителски печат“ - билтенот на Јавното обвинителство со вклучување на јавни обвинители во неговата подготовка | Наменет за интерна комуникација, но и јавно достапен за пошироката јавност | Квартално секоја година | Нема буџетски импликации |
| **17** | Воспоставување инфо-пулт за странки во објектите на јавните обвинителства | Информирање на странките | 2028 година | Има буџетски импликации |
| **18** | Обуки за јавните обвинители за јакнење на комуникациските вештини | Јакнење на капацитеи | Континуирано | Има буџетски импликации |
| **19** | Обуки за јавните обвинители за запознавање со комуникацискиот систем на Јавното обвинителство | Јакнење на капацитети | Континуирано | Има буџетски импликации |
| **20** | Обуки за вработените во Службата за односи со јавноста | Јакнење на капацитети | Континуирано | Има буџетски импликации |
| **21** | Студиски посети и вмрежување на Службата за односи со јавноста на ЈО со другислични служби во регионот и пошироко | Размена на искуства и информации | По покана | Има буџетски импликации |
| **22** | Менторинг сесии за јавни обвинители за комуникација со јавноста додека работат на предмети од особен интерес за јавноста | Јакнење на капацитети | Континуирано | Има буџетски импликации |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **23** | Воспоставување соработка со универзитети и други образовни институции за организација на предавања од јавни обвинители и Службата за односи со јавноста на ЈО | Промоција на улогата на јавното обвинителство и транспарентноста на институцијата кај младите генерации | Почеток 2027 година | Има буџетски импликации |
| **24** | Редовни отворени тренинг средби меѓу јавни обвинители и новинари во соработка со новинарските здруженија | Јакнење на довербата и познавањата на медиумите за кривичната постапка и јавнообвинителското постапување | Квартално | Има буџетски импликации |
| **25** | Отворени денови на Јавното обвинителство | Јакнење на јавната доверба преку директни контакти со граѓаните | Најмалку 2 пати годишно | Има буџетски импликации |
| **26** | Тим-билдинг активности за вработените во Јавното обвинителство | Подобрување на интерната комуникација и доверба | Најмалку еднаш годишно | Има буџетски импликации |
| **27** | Подготовка и печатење на промотивни материјали за работата на Јавното обвинителство | Зголемување на информираноста на јавноста за работата на Јавното обвинителство | По потреба | Има буџетски импликации |